Република Македонија
**Министерство за правда**
**КАЗНЕНО ПОПРАВНА УСТАНОВА**
**ЗАТВОР СКОПЈЕ – СКОПЈЕ**

[redacted]

Бр. 0204-2749/1
Скопје, 09.05.2018 год.

**Министерство за правда**

**Казнено поправна установа**

**Затвор Скопје - Скопје**

Ул.Индира Ганди бр.11
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 2 650 546
(02) 2 650 547
Фах. (02) 2 650 549

Сајт: www.pravda.gov.mk
E-Mail: kpuzatvorskopje@hotmail.com

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл.Весник на РМ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), а со цел да им се обезбеди пријатна средина и комфорно движење на странките за да може да постигнат максимум во остварувањето на сопствените цели и целите на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ - Скопје, Директорот на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ - Скопје на ден 09.05 2018 година д о н е с е неформален:

# КОДЕКС
## *на облекување за странки*

1.Сите странки должни се да го почитуваат овој неформален Кодекс на облекување, од моментот на неговото донесување.

2.Неформалниот кодекс на облекување, опишан тука, дава насоки за облекување на странките, кои имаат слобода во одлучувањето и изборот на облеката која ќе ја носат, водејќи сметка за прифатливоста и неприфатливоста на одреден вид облека.

3.**Неприфатлива е следната облека, која:**

- спортска опрема (тренерки);
- премногу ги открива грбот, градите, стапалата, стомакот или долната облека на странката;
- е неиспеглана, истуткана, нечиста, проѕирна или со големи засеци и деколтеа;
- тесни маички со прерамки или без ракави, горна облека која го истакнува стомакот, кошули кои се носат надвор од здолништето или панталоните, маици со навредливи зборови, лого-а, слики, карикатури, слогани или партиски обележја кои можат да бидат навредливи или неприфатливи за другите странки, притворените/осудените лица, вработените и за клиентите и соработниците на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ - Скопје, обична т-маица со куси ракави (освен ако не се носи под друга блуза, кошула, палто или фустан);
- бермуди, тесни фармерки, панталони со прерамки, куси панталони, тесни панталони (хеланки) или други панталони кои се припиени до телото;
- куси и тесни здолништа со должина над колената, мини-здолништа, здолништа со преклоп и на запетлување, летни фустани без подздолниште, облека за плажа и фустани со прерамки;
- секаков вид на папучи и други чевли со отворени прсти;
- капи;
- габаритен златен накит и бежутерија, како и нападна шминка.

Република Македонија
**Министерство за правда**
**КАЗНЕНО ПОПРАВНА УСТАНОВА**
**ЗАТВОР СКОПЈЕ – СКОПЈЕ**

[redacted]

4.**Прифатлива облека е следната:**

- панталони со нормална широчина и со рабови или без нив, направени од памук, волна или синтетички материјали, кои се носат со/без ремен;
- неформални фустани и здолништа, со должина до или под колена, односно должината на фустанот и здолништето треба да биде таква за да овозможи комфорно седење во јавност;
- кошули со долги или куси ракави, џемпери, поло маици и блузи со висок врат;
- повеќето спортски палта или палта за одело, доколку не се во спротивност со насоките;
- спортски чевли, мокасини, патики, чизми и чевли со потпетици.

5.Прекршувањето на кодексот за облекување, како последица може да резултира со **забрана на влез за странките во установата**.

6.Овој кодекс влегува во сила со денот на донесувањето.

7.Странките ќе се запознаат со содржината на кодексот со негово истакнување на огласна табла и на други соодветни места.

8.Овој Кодекс е донесен во КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје под бр. 0204-2749/1 од 09. 05 2018 година.

**Д и р е к т о р,**
**ЃОКО КОТЕВСКИ**